ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Отчет на градоначалникот Трајковски
- Се санираат оштетените улици во населбата Први Реон
- Се инсталира енергетско-ефикасно осветлување во градскиот парк
- Прва официјална средба на владиката Марко и градоначалникот Трајковски


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 40 ОКТОМВРИ 2023


## Отчет на градоначалникот Трајковски: Проекти во висина од 420 милиони денари за две години локална власт




### Се санираат оштетените улици во населбата Први Реон



### Започнаа буџетските форуми за креирање на Буџетот на Општина Делчево за 2024



### Прва официјална средба на владиката Марко и градоначалникот Трајковски




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 28. Седница на Советот на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево ја одржа 28 Седница на која расправаше и се донесоа одлуки по неколку точки од предложениот Дневен ред. Седницата по образложението на претседателот на Советот, Гоце Попов, не се расправаше и не се донесе одлука за Ребалансот на Буџетот, односно за „Измените и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година".

Освен за измените и дополнувања на Буџетот за 2023, на Седницата, советниците ги усвоија**:** Годишниот извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2022/2023 и Годишната програма за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за 2023/2024;

Совет на Општина Делчево

Актуелности

# Буџетски форуми за креирање на Буџетот за 2024



Се одржа првата форумска сесија од предвидените три сесии за креирање на Буџетот на Општина Делчево за 2024 год, на која активно учествуваа претставници од месните и урбаните заедници, од граѓанскиот сектор и институции.

Целта на организацијата на форумот е одредување на приоритетните проекти за реализација за наредната година детектирани од граѓаните, а Општина Делчево почитувајќи го гласот и мислењето на граѓаните и анализирајќи ги предложените приоритети ќе ги предвиди за реализација.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој го отвори Форумот истакна дека буџетскиот форум е одлична алатка за дефинирање на приоритетите и креирање на Буџетот на една општина, а за мене како градоначалник, е многу важно партнерството меѓу граѓаните и Општината и граѓанското учество во сите сфери од живеењето.

-Сведоци сте дека во изминатите години изградивме многу капитални проекти и решивме децениски проблеми со што одговоривме на вашите приоритети: изградивме капела, пешачки мост, современ градски пазар, почнавме со изградбата на новата детска градинка во населба Расадник; во полн ек е изградбата на пречистителна станица за вода за пиење, изградбата на водоводи во селата Ѕвегор и Габрово, завршиме со реконструкцијата на водоводната мрежа и замена на старата дотраена азбестна инсталација со нова пвц-инсталација со што го решаваме проблемот со квалитетот на водата за пиење и честите дефекти на водоводната мрежа; паралелно градиме и реконструираме улици; за прв пат се асфалтираше стариот пат Делчево-Работивиште; реконструкција на локалниот пат за с. Стамер; се реконструираше регионалниот пат за с. Разловци-одбран, како наш приоритет и по наше барање до ЈПДП, посочи Трајковски.

Тој потенцираше дека наредниот период и во рамките на големиот проект за Подобрување на водоснабдувањето на Делчево со обезбедените нови 1,9 мил. швајцарски франци од Швајцарската Конфедерација и Мин. за животна средина, ќе го реконструираме резервоарот за вода во месноста Чука, а ќе се изгради водовод во с. Вирче кој ќе биде приклучен на системот на Лошана. Во овие 2 години од вториот мандат на Трајковски во Делчево се инвестираат над 420 милиони денари, средства наменети за развој на Општината.

Во рамките на процесот беа презентирани актуелните и планираните проекти на Општина Делчево, како и предлог-рамката на Буџетот за 2024 година. На трите форумски сесии учесниците ќе работат во тематски групи. Буџетските форуми се во организација на Регионалниот центар за застапување и Општина Делчево.

Актуелности

# Се санираат оштетените улици во населба Први Реон




Продолжува санацијата на оштетената инфраструктура од поплавите во Делчево. Во моментов се работи на реконструкција на оштетените улици во населбата Први Реон: дел од ул. „Голачка“, дел од ул.„Иво Лола Рибар“ и дел од ул. Јане Сандаски“.
Работите ги изведува ЈП за одржување магистрални и регионални патишта со финансиска поддршка од Владата и согласно со Одлуката на Владата за санација на штетите од невремето во Делчево.









# Се инсталира енергетско-ефикасно осветлување во градскиот парк

Актуелности




Започнаа работите за инсталирање енергетски ефикасно осветлување во градскиот парк во Делчево, каде ќе се поставаат нови 138 енергетско ефикасни светилки кои треба да ја постигнат ефикасноста во флукси и да придонесат во потрошувачката на електрична енергија во овој дел од градот. Покрај инсталацијата на светилките, ќе бидат набавени и поставени нови 10 канделабри, 4 клупи и лед- диодни рефлектори за летната сцена во градскиот парк во Делчево.

Работите на терен ги изведува фирмата ИНФИНИТИ ЕНЕРЦИ СОЛУШНС, а во моментов течат земјени работи за поставување инсталација за новите 10 канделабри. За реализација на проектот се обезбедени сите потребни материјали, како и материјали за изработка на клупи и бојадисување на сите столбови во градскиот парк.

Оваа иницијатива е произлезена од бизнис- заедницата и граѓанскиот сектор, а беше прифатена од Општина Делчево. Иницијативата е финансиски потпомогната од Мрежата за рурален развој на Македонија преку Проектот за поддршка на заедницата УСАИД. Вкупната вредност на проектот е околу 2. 500 000 денари.

Со реализацијата на проектот ќе се подобри осветлувањето во централното градско подрачје на Општина Делчево, но ќе се бележи и значителна заштеда, како за потрошена електрична енергија, така и заштеда за одржување.

Актуелности

# Работилница за јакнење на капацитетите за Архуската конвенција



Регионалниот центар за застапување Делчево ја одржа втората работилница во рамки на проектот за јакнење капацитети за Архуската конвенција и за нејзините вредности за претставници од општините во регионот, локалните институции и граѓанските организации. Во рамки на проектот, претставник од Архус-центарот во Скопје спроведе еднодневна обука на тема „Учество на јавноста во донесување одлуки од областа на животната средина и пристап до правда за прашања од областа на животната средина“. Родне Деолска од Здружението Регионален центар за застапување информираше дека ова е проект со кој се продолжува залагањето на Здружението за јакнење на капацитетите на администрацијата и граѓанскиот сектор од целиот регион на тема Архуска конвенција – откако пред неколку години беа обучени околу 80 лица од Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица.

– Граѓаните, прво, треба да си ги знаат своите права поврзани со животната средина, исто како што треба да ги знаат и своите обврски етички и законски. Потоа, треба да знаат дека секоја институција во Македонија има лице задолжено за слободен пристап на информации за што треба да го знаат процесот на барање и добивање информација која им треба и им е важна. Дека имаат и треба да ја искористат секоја можност да се вклучат во јавни расправи и процеси на носење одлуки. Ова се работи кои во делот за животна средина ги регулира Архуската конвенција. Ние на оваа обука денеска конкретно зборувавме за двата столба на Конвенцијата– пристап до правда и учество на јавноста во процесот на донесување одлуки. Претходната обука ни беше за слободен пристап до информации од јавен карактер – истакна Деолска.

Освен овие обуки за јакнење капацитети, во завршна фаза е истражувањето со прашања од јавен карактер до општините од регионот за тоа колку стратешки документи се донесени во последните четири години, на колку и кои документи е направена стратешка оценка на влијанието на животната средина SEA и EIA, дали имало партиципативно учество на граѓаните при изработка на документите и за колку и кои проекти се направени елаборати за влијание на животната средина.

Проектот се спроведува со поддршка од Министерството за животна средина.

# Делчево го одбележа Денот на антифашистичкото Востание



Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележа 82 години од почетокот на антифашистичкото Востание, 11 Октомври. По тој повод, делегација на Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, претставници од Советот на Општина Делчево, како и претставници од институции, политички партии, здруженија на граѓани, се поклонија и свежо цвеќе положија на споменикот на паднатите борци во центарот на градот.

Во рамките на одбележувањето, членовите на КУД „Гоце Делчев“ преку реферат потсетија на приликите кои претходеа на Востанието, начинот на кој беше реализиран првиот вооружен напад во Прилеп и во Куманово, но се осврнаа и на значењето на Востанието, како важен момент во борбата за самостојност на македонскиот народ и сопствена држава.

Актуелности

# Делчево го одбележа Денот на македонската революционерна борба

Актуелности




Со пригодна свеченост во организација на Општина Делчево, се чествуваше Денот на македонската револуционерна борба, 23 Октомври. По тој повод, за значењето на овој празник, членовите од КУД „Гоце Делчев“ од Делчево подготвија пригоден реферат, а пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот, се поклонија и букети свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, како и претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

Инаку, 23 Октомври во историјата е запишан како ден на основањето на Македонската револуционерна организација. Согласно со историските податоци, на 23 октомври 1893 година во Солун се поставуваат основите на организацијата којашто ќе стане симбол на борбите на Македонците за слобода. Основоположниците биле: Христо Татарчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Антон Димитров и Христо Батанџиев. Тие основаат конспиративна група, нарекувајќи ја Македонски револуционерен комитет. Организацијата се борела за ослободување на Македонија со сопствени сили, без помош од надвор. Формирањето на МРО значело почеток на организираното македонско револуционерно движење кое преку Илинден 1903 г., а потоа преку НОБ резултира со создавање современа самостојна македонска држава. Овој датум, 23 октомври, симболизира континуитет на македонската борба за независност

Актуелности

# Трибина по повод розовиот месец октомври



Зошто ни се потребни превентивни прегледи и улогата на менталното здравје“ беше темата на трибината организирана од Здружението „Жена” од Делчево со поддршка на Општина Делчево и КЕМ, а по повод розовиот месец октомври, месец на борба против рак на дојка.

Како што истакна Анита Цоневска, координатор на проектот, целта е сензибилизирање на жените од Општина Делчево за тоа колку е важно да се прават редовни прегледи за ехо на дојка и мамографски прегледи со акцент на подобро ментално здравје.

-Целни групи се сите жени од Општина Делчево, вклучително значи жените од руралните средини и жените од маргинализираните заедници. Во тој контекст можам да ги најавам бесплатните ехо прегледи на дојка со кои ќе бидат опфатени 29 жени од руралните средини, кои ќе се реализираат во наредниот период, истакна Цоневска.

Проектот се реализира со поддршка на Француската амбасада, а по тој повод Ирен Кетоф, аташе за соработка при француската амбасада, која присуствуваше на трибината истакна дека Организацијата „Жена”, е една од 7-те организации кои се добитници на нивниот отворен повик за проекти.

– Денес, од суштинско значење за спасување животи е превенцијата и скринингот за рак на дојка. Во Франција секоја година има околу 49 000 нови случаи на рак на дојка, а овој рак е вториот вид рак кој ги зафаќа и жените и мажите. Ако е откриен во рана фаза или ран стадиум, може да се излечи кај 9 од 10 случаи, порача Кетоф.

На трибината свои предавање имаа д-р Лилјана Тричковска, спец гинеколог, д-р Андријана Илиевска – Велковски, спец рендгенолог, д-р Билјана Ѓеоргиевска, спец психијатар и Дејан Глинџарски, специјалист за Гешталт– метода.

Комисијата за еднакви можности при Општина Делчево работи посветено на темата за женското здравје, и редовно во годишните програми за работа, здравствената едукација и подигање на свеста за редовни прегледи за рано откривање рак на дојка, е високо на агендата на КЕМ. Иницијативата за воспоставување термини за нова здравствена услуга- ехо прегледи на дојка, беше прифатена од Здравствениот дом, така што денес жените од Делчево ќе можат да направат прегледи и ехо и мамографија во рамките на Здравствениот дом. Соработката со организации, како што е „Жена“, даваат значаен придонес за реализација на стратешките приоритети од програмата на КЕМ.

# Делчевските првачиња станаа дел од Детската организација

Актуелности




Со низа активности организирани од учениците од двете основни училишта се одбележа Светската недела на детето. Традиционално, по повод Неделата на детето во двете основни училишта беа организирани свечености на кои првачињата положија заклетва и станаа дел од Детската организација.

Недела на детето е недела кога се прави ретроспектива за тоа што сме направиле за децата, но и интензивно се потенцира за правата на децата. Целта на сите настани е да се поттикне подобрување на состојбата со правата на децата.

По повод Неделата на детето, ЈЛБ „Илинден“ организираше настан во кој се вклучија третоодделенците од ООУ „Св.Климент Охридски“ кои изработија ѕидни весници, на кои пишуваа и цртаа во чест на Неделата на детето.

– Овие нивни прекрасни творби од понеделник ќе бидат изложени на влезот од библиотеката и сите наши сограѓани во секое време можат да дојдат да ги видат во наредните неколку дена. Библиотеката упатува огромна благодарност до сите дечиња и до нивните наставнички Јулија Крстевска, Васка Филиповска и Даниела Петровска, што помогнаа и беа дел од одбележувањето на Неделата на детето, порача Биљана Петровска, директорка на ЈЛБ „Илинден“.

Вложувањето во децата е вложување во иднината, тие имаат право да живеат во демократски хумано општество, да се воспитуваат и да учат со цел да се надоградуваат и добро да се подготват за предизвиците во животот, порача денеска градоначалникот Горан Трајковски. Тој испрати честитки до сите деца, посебно до првачињата честитајќи им го зачленувањето во Детската организација и порача дека секое дете треба да има среќно и безгрижно детство, а обврската на секој родител, наставник, односно секој возрасен, е да го овозможи тоа.

# Средба на владиката Марко и градоначалникот



Неговото преосвештенство, владиката Марко, епископ на новоформираната Делчевско-каменичка епархија и градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, ја оствариja првата официјална средба во Општина Делчево.

На средбата, владиката Марко го запозна градоначалникот со планираните активности и предизвиците со кои се соочува новоформираната Епархија. Се разговараше и за состојбата со старите цркви и манастири во регионот, а посебен акцент беше ставен на доизградбата на новиот црковен храм „Св.Кирил и Методиј“, каде е планирана и изградба на седиштето на Епархијата. Владиката изрази и големо задоволство од досегашната поддршка на градоначалникот Трајковски, но и од поддршката на православните верници и нивниот интерес за Епархијата.

За градоначалникот Трајковски претставува посебна чест што во неговиот мандат, Делчево и Македонска Каменица добиваат своја Епархија и најави поддршка во обезбедување на потребната инфраструктура за новата Епархија.

Новоформираната Епархија е една од 15-те епархии во јурисдикација на МПЦ-ОА. Седиштето на новоформираната епархија е во Делчево со јурисдикција на градовите Делчево и Македонска Каменица заедно со селата во овие општини.



Актуелности

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**